# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА
# ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Наслов: Закон за заштита на правата на пациентите**

Постапено по сопствена иницијатива на Државната Комисија за спречување на корупција согласно планот и динамиката за 2017 година усвоен од страна на Државната Комисија за спречување на корупција.

**Област: Здравство и здравствена заштита**

## Генерална оценка

**Осврт:** Со овој Закон се уредуваат заштитата на правата на пациентите (Службен весник на РМ бр. 82/08) во користењето на здравствената заштита, должностите на здравствените установи и здравствените работници и соработници,општините и фондот за здравствено осигурување во унапредувањето и заштита на правата на пациентите, постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот над спроведување на законот.

1. **Разгледани / консултирани дополнителни материјали:**
   - Закон за изменување на законот за заштита на правата на пациентите (Службен весник на РМ бр. 12/09 )
   - Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на правата на пациентите (Службен весник на РМ бр. 53/11, 150/15 )

Државната Комисија за спречување на корупција согласно Законот за спречување на корупција (чл.49. став.1 точка 3) и Законот за спречување на судир на интереси (член 21. став. 1 точка. 2), применувајќи ја Методологијата за Антикорупциска проверка на

легислативата, а постапувајќи по сопствена иницијатива согласно планот и динамиката за 2017 година усвоен од страна на Државната Комисија за спречување на корупција го донесе следниот:

## Заклучок

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка односно, анализа и оценка на формата и содржината на Закон за заштита на правата на пациентите**,** утврди дека **не** постојат ризици од корупција.

Имено, согласно Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата во која е содржана и листата на ризиците од корупцијата, а врз основа на која се спроведе и анализата и проверката на предметниот Закон, ДКСК утврди дека во конкретниот случај **не** постојат ризици од корупција.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка на легислативата постапуваајќи по сопствена иницијатива за анализа и проценка на формата и содржината на Закон за заштита на правата на пациентите констатираше дека **не** постојат ризици од корупција и Закон за заштита на правата на пациентите **не** предизвикува штетни импликации од аспект на негово спроведување и усогласеност.

## Суштинска проценка на корутивноста

## Можните штети што би се предизвикале од примена на Законот

Од аспект на своите законски надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата оценува дека текст на Закон за заштита на правата на пациентите **не** предизвикува можна штета од примената на истиот.

## Јазичната формулација на одредбите од Законот

Од аспект на своите законски надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата при антикорупциска проверка на легислативата оценува дека нема забелешка во Јазичната формулација на одредбите текстот на Закон за заштита на правата на пациентите.

## Детална анализа на потенцијални одредби со коруптивни елементи

Од аспект на своите законски надлежности, Одделението за антикорупциска проверка на легислативата оценува дека текстот на Закон за заштита на правата на пациентите **не покажува ризик од корупција.**